**ПОДДРЖИ ВКЛУЧЕНОСТ**
**ОСИГУРАЈ ПРАВДА**
**ПОТТИКНИ ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

ДАДИ ПРИДОНЕС – ДОНИРАЈ ЗА ЕСЕ!

Со вашата донација овозможувате подобар пристап до здравствена заштита, економска независност на жените што претрпеле семејно насилство и нивна интеграција на пазарот на труд. Истовремено, помагате во унапредување на правната заштита и отстранување на бариерите што ги спречуваат ранливите групи да ги остварат своите права.

ДАДИ СВОЈ ПРИДОНЕС

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**
ул. Максим Горки 20-1-4, Скопје
esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk

ЕСЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025

# За ЕСЕ

ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р.С. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените.

Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат.

Но, уште повеќе, работиме на менување на законите и политиките на национално, регионално и меѓународно ниво.

# Почитувани,

Во 2025 година, ЕСЕ продолжи да работи на унапредување на социјалните и економските права преку директна поддршка на граѓаните, систематско обезбедување докази и активно застапување за поодговорни, транспарентни и родово сензитивни јавни политики. Нашата работа беше насочена кон унапредување на здравјето на жените и децата, пристапот до правда за жртвите на семејно и родово-базирано насилство и зголемување на фискалната транспарентност и граѓанското учество.

Во областа на здравството, во 2025 година придонесовме кон унапредување на здравјето на трудниците, мајките и децата, со посебен фокус на мајчиното ментално здравје. Подготвивме едукативни материјали и спроведовме активности за директна едукација на жени, обезбедувајќи им релевантни и стручни информации за здрава бременост, мајчинство, нега и развој на доенчиња и мали деца. Дополнително, преку продукција на поткаст за мајчиното ментално здравје, придонесовме кон отворање на јавниот простор за разговор, информирање и охрабрување на жените да побараат поддршка кога им е потребна.

Паралелно, континуирано го следевме планирањето и спроведувањето на повеќе превентивни здравствени програми и активно придонесувавме кон подобрување на квалитетот, опфатот и ефикасноста на превентивните здравствени политики.
Во 2025 година, ЕСЕ значајно ја зајакна својата работа на борба против корупцијата во здравствениот систем.

Спроведовме истражувања меѓу граѓаните и здравствените работници, обезбедивме докази за ризиците и формите на корупција и ги идентификувавме приоритетните мерки за нејзино намалување. Јакневме капацитети на граѓанските организации преку обуки за препознавање, спротивставување и пријавување на корупцијата и иницирављме национална медиумска кампања со значителен досег и вклученост на јавноста околу прашањето на корупција во здравството.

Во областа на пристапот до правда, ЕСЕ во 2025 година обезбеди директна правна и психолошка поддршка за жени што претрпеле семејно насилство, вклучувајќи правно советување, судско застапување и психолошко советување.

Паралелно, придонесовме кон јакнење на капацитетите на граѓанските организации, практичарите и институциите преку развој на модули за обука, учество во национални и меѓународни процеси и организирање на обуки за професионалци вклучени во системот за заштита од насилство.

Значаен дел од нашата работа беше насочен кон обезбедување докази за фактичката состојба и економските последици од семејното насилство. Подготвивме и објавивме анализи за трошоците што ги сносат жените како резултата на семејното насилство, за определувањето и исплатата на издршката за деца, како и за функционирањето на системите за заштита, со што придонесовме кон информирано креирање политики и застапување засновано на податоци, на национално, и на меѓународно ниво.

Во 2025 година, преку социјалното претпријатие ПОГОН, обезбедивме конкретна поддршка за економско зајакнување на жените што претрпеле семејно насилство. Преку обуки, поддршка за производство и воведување системи за планирање и надомест на трудот, придонесовме кон зајакнување на нивната економска независност, вештини и самодоверба.

Истовремено, продолживме да работиме на унапредување на фискалната транспарентност и отчетноста на институциите. Преку систематски мониторинг на проактивната и реактивната транспарентност, анализа на јавните набавки во здравствениот сектор и активно учество во механизмите на Партнерството за отворена власт.

Придонесовме кон подобрување на квалитетот на јавно достапните информации и кон јакнење на граѓанското учество. Преку стратешко информирање на јавноста и континуирана интеракција со граѓаните преку онлајн платформи, придонесовме сложените фискални теми да бидат разбирливи за пошироката јавност.

Нашата работа во 2025 година ја зацврсти улогата на ЕСЕ како релевантен партнер на институциите, граѓанските организации и меѓународните актери, и како организација што ги поврзува директната поддршка на граѓаните со застапување засновано на докази и долгорочни системски промени.

***Тимот на ЕСЕ***



# НАШИОТ ПРИСТАП

## ЦЕЛ 1:
## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

- **Граѓанско учество** – Им помагаме на жените и мажите од ромските и руралните заедници да ги знаат своите права, да следат што прават институциите и да бараат одговорност кога правата не се почитуваат.
- **Докази за промени** – Правиме истражувања што покажуваат како законите и политиките влијаат врз животот на ранливите групи, за институциите да носат подобри и поправедни одлуки.
- **Застапување и одговорност** – Се залагаме за промени во јавните политики и за поотворено и пофер управување, во интерес на луѓето кои најчесто се занемарени.
- **Јакнење на отпорноста** – Им помагаме на заедниците полесно да се справат со кризни состојби и да изградат посигурна иднина за себе и своите семејства.

## ЦЕЛ 2:
## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

- **Пристап до правда** – Ги јакнеме алтернативните правни услуги и параправниците за ранливите заедници, за луѓето полесно да ги решаваат своите правни проблеми.
- **Глас за ранливите** – Ги истражуваме и документираме пречките со кои се соочуваат луѓето при пристап до правда и се залагаме за системски промени.
- **Јакнење на жените** – Им помагаме на жените кои претрпеле семејно насилство да ги познаваат и да ги остварат своите законски права.
- **Мониторинг на институции** – Го следиме работењето и ги јакнеме капацитетите на клучните институции кои обезбедуваат правда и заштита.
- **Одржливост и економска поддршка** – Преку социјалното претпријатие ПОГОН обезбедуваме финансиска одржливост на правната помош што ја нудиме и придонесуваме кон економско јакнење на жените.

## ЦЕЛ 3:
## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

- **Едукација и информирање** – Подготвуваме и споделуваме разбирливи едукативни материјали за граѓаните и практични насоки за институциите, со цел поголема фискална транспарентност.
- **Мрежа на експерти и граѓански организации** – Градиме мрежа на експерти и граѓански организации за размена на знаење, искуства и добри практики во областа на фискалната отчетност.
- **Јакнење на институциите** – Им помагаме на јавните институции да ги зајакнат своите капацитети и поттикнуваме отворен и конструктивен дијалог за транспарентност и отчетност.
- **Мониторинг и застапување** – Ги следиме јавните набавки и транспарентноста на институциите и се залагаме за подобри политики и практики.
- **Дигитални решенија** – Развиваме дигитални алатки што им овозможуваат на граѓаните полесно учество и подобра комуникација со институциите.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

Во 2025 година не се бележат значителни системски промени во насока на унапредување на здравјето и пристапот до здравствена заштита за жените, децата и ранливите групи од населението.

Жените се соочуваат со низа бариери во пристапот до здравствените услуги за репродуктивно здравје, вклучително и здравствената заштита за време на бременоста и по породувањето. Недоволниот број гинеколози и нивната нееднаква географска дистрибуција, финансиските трошоци за пристап до гинеколошката здравствена заштита и недостигот од здравствени информации претставуваат сериозни бариери за навремен и соодветен пристап на жените до здравствените услуги во овој период.

Во државата отсуствува организиран систем за сеопфатна здравствена едукација за жените во однос на здрава бременост и мајчинство, перинатално ментално здравје, како и нега, грижа и правилен раст и развој на доенчиња и мали деца. Поради тоа, најголем дел од жените немаат пристап до стручни и релевантни информации што се однесуваат на нивното здравје за време на бременоста и по породувањето, како и на правилната нега и грижа за доенчињата и малите деца.



Загрижувачки се состојбите во однос на мајчиното ментално здравје: последните достапни податоци укажуваат дека постпородилна депресија се манифестирала кај 27,6% од младите мајки во Северна Македонија, додека 27,8% биле погодени од умерена до екстремна анксиозност. Меѓутоа, државата не обезбедува механизми за системска и сеопфатна грижа за менталното здравје на жените за време на бременоста и по породувањето. Имено, во целата држава постои само една група за поддршка на менталното здравје на мајките, која е достапна само во Скопје. Ова укажува дека услугите за ментално здравје се речиси недостапни за мнозинството жени за време на бременоста и по породувањето.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

Во 2025 година Министерството за здравство продолжува со нетранспарентно планирање на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката. Во Програмата за 2025 година не е наведено колку жени е планирано да бидат опфатени со скринингот, ниту е јасно прикажан планираниот обем на поединечните услуги. Индикаторите за успех се наведени само наративно, без нивно квантификување. Исто така, продолжува и практиката на недоволна транспарентност во буџетското планирање на програмата, бидејќи не се наведени средствата по поединечни мерки и активности, ниту вкупниот износ на средства наменет за скринингот на рак на грлото на матката. Во Програмата за 2025 година не се бележат никакви унапредувања во насока на зголемување на опфатот и ефикасноста на скринингот.

Министерството за здравство и понатаму покажува недостиг на отчетност и транспарентност во однос на спроведувањето на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката. Последниот јавно објавен извештај за програмската и буџетската реализација на Програмата за скрининг и рано откривање на малигни заболувања датира од 2020 година. Евалуацијата и извештајот за скринингот на рак на грлото на матката за 2023 година беше објавена дури во март 2025 година, иако истата е клучна за унапредување на програмата и треба да биде подготвена во првата половина од наредната календарска година.

Наодите од мониторингот на ЕСЕ за спроведување на програмата за скрининг во 2024 година укажуваат дека опфатот на жените со Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката опаѓа во споредба со претходните години. Активностите за опфат на ранливите категории жени, како што се услугите преку мобилната гинеколошка амбуланта, не се соодветно финансирани и поради тоа остануваат недостапни за најголем дел од жените кои припаѓаат на ранливите групи.

Во усвоената Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2025 година, нотиравме одредени унапредувања, како што е повторното усвојување на пилот-скринингот за прееклампсија, препознавање на жените без здравствено осигурување како корисници на мерки и активности од програмата, како и зголемување на буџетските средства за активностите наменети за ранливите категории жени.

Меѓутоа, мониторингот на ЕСЕ за спроведување на програмата во 2024 година покажа дека мерките и активностите од програмата кои се наменети за ранливите категории жени остануваат недоволно искористени, состојба која се повторува речиси секоја година. Министерството за здравство и во однос на оваа програма покажува недостиг на транспарентност и отчетност, бидејќи последниот достапен извештај за програмското и буџетското спроведување на програмата датира од 2023 година.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

Корупцијата останува длабоко вкоренет и системски проблем, особено изразен во здравствениот сектор. Според национални истражувања, 97,5% од општата јавност го препознаваат негативното влијание на корупцијата, а 64% од граѓаните ја идентификуваат како еден од најголемите проблеми во општеството. Здравствениот систем, поради својата комплексност, големината на расположливите буџети, недостигот од транспарентност (особено во јавните набавки) и ранливоста на пациентите, е особено подложен на различни форми на корупција, вклучувајќи неформални плаќања, фаворизирање, злоупотреби во набавките и несоодветно управување. Иако Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси го има вклучено здравството во својот акциски план, нејзиниот фокус останува ограничен на буџети, јавни набавки и цени на лекови, без да го адресира секојдневното искуство на пациентите и здравствените работници. На примарно ниво, товарот на корупцијата несразмерно паѓа врз жените, особено од ранливите заедници.

Имено, наодите на ЕСЕ со години score наназад укажуваат дека мнозинството жени (особено од ранливите заедници) плаќаат за гинеколошки услуги на примарно здравствено ниво, кои согласно подзаконските акти на ФЗОРСМ треба да бидат бесплатни. Сите овие состојби претставуваат сериозни бариери во пристапот до здравствената заштита за репродуктивното здравје на жените, а особено за жените од ранливите заедници.



# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

**Го унапредивме здравјето на трудниците, мајките и децата, со посебен фокус на мајчиното ментално здравје**

- Подготвивме 6 едукативни материјали наменети за жените на следните теми: здрава бременост и мајчинство; нега, грижа и унапредување на здравјето на доенчиња и мали деца; и унапредување на мајчиното ментално здравје.
- Едуциравме 42 жени (трудници и мајки на доенчиња) за здрава бременост и мајчинство; нега, грижа и унапредување на здравјето на доенчиња и мали деца; и унапредување на мајчиното ментално здравје.
- Подготвивме поткаст на тема „Мајчино ментално здравје – Разговори кои значат“, со цел да ги информираме жените и да ги поттикнеме отворено да зборуваат на оваа тема и да побараат помош кога им е потребна.







**Континуирано го следевме планирањето и спроведувањето на превентивните здравствени програми и застапувавме за нивно унапредување**

- Континуирано го следевме планирањето и спроведувањето на превентивните здравствени програми (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања)
- Подготвивме анализи од спроведениот мониторинг на буџетското и програмското спроведување на програмите за 2024 година и три документи за застапување со цел унапредување на планирањето и спроведувањето на истите.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

- Учествувавме во подготовка на публикација со наоди и препораки за четири здравствено превентивни програми на Министерството за здравство (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката, Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција, и Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита) во соработка со партнерските организации.
- Организиравме консултативна работилница со матичните лекари – специјалисти по семејна медицина со цел да ги утврдиме можностите и потребите за нивно вклучување во спроведување на Програмата за скрининг на рак на грлото на матката.
- Организиравме тематски форум „Кога се штеди на превенција, последиците се скапи“, на кој ги презентиравме наодите од мониторингот на програмите и нашите барања за унапредување на истите во соработка со партнерските организации го
- Спроведовме активности за застапување со цел унапредување на превентивните програми за унапредување на здравјето на жените, преку испраќање на наодите и препораките до надлежните институции, состаноци за застапување со донесувачите на одлуки и информирање на јавноста за наодите и препораките преку соопштенија за медиуми, медиумски гостувања и преку социјалните медиуми.

**Работевме на намалување на корупцијата во здравствениот систем преку вклучување на граѓаните и здравствените работници, унапредување на институционалната отчетност и промовирање на родово сензитивни и координирани антикорупциски политики.**

- Спроведовме истражување помеѓу 1.137 граѓани, со посебен фокус на жените со цел да ги утврдиме искуствата, перцепциите и ставовите на граѓаните по однос на ова прашање, како и да ги утврдиме нивните потреби и ставови по однос на мерките кои треба да се преземат за намалување на корупцијата во здравството.
- Спроведовме истражување помеѓу 400 здравствени работници и соработници од областа на гинекологија и акушерство со цел да го утврдиме нивните знаења, ставови и искуства по однос на корупцијата, како на ниво на обезбедување на здравствени услуги, така и на организациско ниво, односно на ниво на установа, како и да ги утврдиме нивните ставови по однос на мерките кои треба да се преземат за намалување на корупцијата во здравството.
- Спроведовме интервјуа со 20 раководители од јавните здравствени установи, со посебен фокус на гинеколошко-акушерската здравствена заштита, со цел да ги утврдиме системските слабости и ризици од корупција во донесувањето одлуки, обезбедувањето на здравствените услуги и институционалната отчетност, како и да ја утврдиме потребата од преземање на мерки и активности за спречување на корупцијата.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

- Обучивме 16 претставници од четирите партнерски граѓански организации за препознавање, спротивставување и пријавување на корупцијата во здравството, преку обука за обучувачи наменета за понатамошна едукација на жени.
- Подготвивме сеопфатна Стратегија за видливост и комуникација со јавноста, која обезбедува јасна рамка за националната медиумска кампања, вклучувајќи дефинирани цели, целни групи, клучни пораки, канали, временска рамка и механизми за континуирано следење на ангажманот на публиката.
- Успешно е зголемена јавната видливост на прашањето за корупцијата во здравството преку медиумски содржини, вклучувајќи објава на соопштение за медиуми во 11 онлајн медиуми, изработка и споделување на две видеа со сведоштва со над 265.000 прегледи на социјалните мрежи, како и креирање и објава на информативен инфографик за формите на корупција и можностите за пријавување.






# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Во 2025 година не се забележани суштински подобрувања во состојбите во областите на пристап до правда, родова еднаквост и заштита на жените од различни форми на родово-базирано и семејно насилство. И натаму се присутни долгогодишни системски слабости што го ограничуваат ефективното спроведување на законите и политиките во пракса и го намалуваат реалниот досег на механизмите за заштита и поддршка на жртвите.

Во делот на родовата еднаквост, беа усвоени измени на Законот за основно образование и Законот за учебници во основно и средно образование, кои доведоа до стеснување на обемот на заштита од родово заснована дискриминација во образовниот систем.

Со измените беа избришани основите „род“, „сексуална ориентација“ и „родов идентитет“ од одредбите за забрана на дискриминација, беа отстранети одредби поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, а забраната за сегрегација беше релативизирана. Дополнително, референците кон Законот за спречување и заштита од дискриминација беа заменети со општо повикување на Уставот. Измените беа усвоени без јавна расправа и со скратена постапка, по што граѓанските организации преку Мрежата за заштита од дискриминација поднесоа иницијатива до Уставниот суд за оценување на уставноста, укажувајќи дека станува збор за регресија во заштитата и зголемен ризик од исклучување, насилство и нееднаквост во образованието, особено за девојчињата и другите ранливи групи.

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

*Council of Europe Treaty Series - No. 210*

**Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence**

Istanbul, 11.V.2011

**Preamble**

The member States of the Council of Europe and the other signatories hereto,

Recalling the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms (ETS No. 5, 1950) and its Protocols, the European Social Charter (ETS No. 35, 1961, revised in 1996, ETS No. 163), the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (CETS No. 197, 2005) and the Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse (CETS No. 201, 2007);

Recalling the following recommendations of the Committee of Ministers to member States of the Council of Europe: Recommendation Rec(2002)5 on the protection of women against violence, Recommendation CM/Rec(2007)17 on gender equality standards and mechanisms, Recommendation CM/Rec(2010)10 on the role of women and men in conflict prevention and resolution and in peace building, and other relevant recommendations;

Taking account of the growing body of case law of the European Court of Human Rights which sets important standards in the field of violence against women;

Having regard to the International Covenant on Civil and Political Rights (1966), the International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights (1966), the United Nations Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination Against Women ("CEDAW", 1979) and its Optional Protocol (1999) as well as General Recommendation No. 19 of the CEDAW Committee on violence against women, the United Nations Convention on the Rights of the Child (1989) and its Optional Protocols (2000) and the United Nations Convention on the Rights of Persons with Disabilities (2006);

Having regard to the Rome Statute of the International Criminal Court (2002);

Recalling the basic principles of international humanitarian law, and especially the Geneva Convention (IV) relative to the Protection of Civilian Persons in Time of War (1949) and the Additional Protocols I and II (1977) thereto;

Condemning all forms of violence against women and domestic violence;

Recognising that the realisation of *de jure* and *de facto* equality between women and men is a key element in the prevention of violence against women;

Recognising that violence against women is a manifestation of historically unequal power relations between women and men, which have led to domination over, and discrimination against, women by men and to the prevention of the full advancement of women;

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

Состојбите со насилството врз жените и семејното насилство во 2025 година беа обележани со иницирањето на процесот за подготовка на Националната стратегија за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство 2026–2033. Процесот беше иницииран од Министерството за социјална политика, демографија и млади, со техничка поддршка од UNFPA, UN Women и УНДП, и опфати консултации и интервјуа со релевантни чинители, како и регионални средби со практичари од институциите, правосудството, ЕЛС, граѓанските организации и други чинители. Во тек е финализирањето на стратегијата и се очекува нејзино усвојување на почетокот на 2026 година.

Во 2025 година беше формиран и новиот состав на Националното координативно тело за имплементација на Истанбулската конвенција, со претставници на Владата, релевантните министерства, судии, јавни обвинители, ЕЛС, граѓански организации и други чинители. И покрај формалното воспоставување, функционалноста и ефективното извршување на законските надлежности и натаму остануваат условени од вложувања во институционалните и човечките капацитети, јасни механизми на работа и обезбедување соодветни финансиски ресурси.

Во тој контекст, недостатокот на финансиски и човечки ресурси за спроведување на законите и политиките продолжува да биде основен предизвик што оневозможува надминување на долготрајните слабости во системот, вклучително „занемарената" превенција, нередовното собирање и објавување податоци, отсуството на функционален систем за мониторинг и евалуација, недоволната координација помеѓу институциите, ограничениот пристап до механизми за заштита и услуги за жртвите и благата казнена политика кон сторителите.

Потребата за системски мерки е дополнително нагласена со податоците на Министерството за внатрешни работи за пријавените случаи на семејно насилство во 2024 година. Во просек, во полиција биле пријавувани по 15 случаи дневно, при што е забележано намалување од 16% во споредба со 2023 година (вкупно 5.574 случаи во 2024 наспроти 6.703 во 2023 година), главно поради значително намалување на бројот на евидентирани поплаки. Во однос на видот на кривичните дела, останува карактеристично тоа што во многу помала мера се водат кривични постапки за одредени форми на психолошко насилство (на пример, за „Присилба" нема поведено постапка, а за „Противправно лишување од слобода" се поведени само три), а не се евидентирани кривични пријави ниту за дела поврзани со сексуално насилство. Овие наоди укажуваат на потреба од поголемо препознавање и процесуирање на психолошкото, економското и сексуалното насилство, како и од подобрување на начинот на категоризација на пријавите и намалување на случаите што се заведуваат како „поплаки".

Фактичката положба на жените што претрпеле семејно насилство е дополнително отежната од економските последици на насилството и ограничените можности за надоместување на трошоците и задоволување на потребите на децата по развод или разделба.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

Економската несигурност е една од причините поради кои жените остануваат во насилни заедници, но и фактор што го ограничува нивното самостојно живеење по напуштањето на насилникот. Периодот на транзиција по развод/разделба е особено критичен, бидејќи жените вообичаено ја преземаат грижата за децата, немаат доволно финансиски средства, а значителен дел од нив се потпираат на поддршка од родителите, во отсуство на соодветни државни модели на финансиска помош.

Семејното насилство има сериозни и долгорочни последици врз економската положба на жените, особено во однос на учеството на пазарот на труд, финансиската независност и можностите за економско закрепнување. Анализите на ЕСЕ покажуваат дека насилството делува како структурен фактор кој директно ги ограничува работните капацитети на жените и ги турка во економска зависност, сиромаштија и социјална исклученост. Една од најизразените форми на економско насилство е забраната за работа – значителен дел од жените биле спречени да работат од страна на партнерот, што влијае врз нивната долгорочна вработливост и стабилност на приходите. Покрај загубените приходи, насилството генерира и дополнителни трошоци (здравствена заштита, психосоцијална поддршка, лекови, правни постапки, транспорт, преселба и ново сместување), кои најчесто се јавуваат токму во период кога жените имаат најмала економска моќ.

Економската несигурност дополнително се продлабочува со несоодветната и нередовна издршка за децата. Анализата на ЕСЕ покажува дека досудените износи често не ги задоволуваат реалните потреби, а механизмите за наплата се неефикасни, поради што најголемиот дел од трошоците паѓаат врз мајките. Недостатокот на редовен и предвидлив приход од издршка ги принудува жените да прифаќаат нископлатени и несигурни ангажмани или целосно да се повлечат од пазарот на труд поради обврските за грижа за децата.

Во вакви услови, економската зависност не е резултат на индивидуален избор, туку последица на системски пропусти, вклучително недостиг на специјализирани мерки за економско зајакнување на жртвите, слабо поврзување на системот за заштита од насилство со активните политики за вработување и неефикасна наплата на издршката. Оттука, положбата на жените што претрпеле семејно насилство на пазарот на труд треба да се разгледува како прашање на родова еднаквост, социјална заштита и економска правда, при што без интегрирани мерки што ќе ги поврзат заштитата од насилство, издршката за децата и вработувањето, ризикот од долготрајна економска исклученост останува висок.



# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

**Работевме на јакнење на капацитетите за решавање на проблемите во пристапот до правда за жените и другите ранливи групи**

- Развивме е-модули за јакнење на капацитетите на практичари и граѓански организации во областа на родово-базираното и семејното насилство, во рамки на глобалната Grassroots Justice Network – NAMATI, во соработка со организацијата FIDA од Уганда.
- Модулите опфаќаат преглед на родово-базираното и семејното насилство, правната рамка за превенција и заштита и студија на случај заснована на застапувачката работа на ЕСЕ, а нивната примена е планирана за почетокот на 2026 година со потенцијален глобален досег.




**Обезбедивме докази за системските слабости и потребите на граѓаните во пристапот до правда**

- Подготвивме и доставивме Мониторинг извештај до Комитетот за човекови права на ОН во рамки на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR), со фокус на пристапот до правда за жените жртви на семејно насилство и пристапот до примарна здравствена заштита за жените, децата и другите ранливи групи граѓани.
- Учествувавме во процесите на Партнерството за отворена власт (ПОВ) и во изработката на Националната стратегија за спречување и заштита од родово-базирано и семејно насилство 2026–2033, преку што ги застапувавме правата и потребите на жените и жртвите на насилство во формалните процеси на креирање политики.
- Подготвивме анализа на трошоците што ги сносат жените како резултат на семејното насилство, врз основа на 52 интервјуа со жени кориснички на Правниот центар на ЕСЕ, која опфати загубена работа и приходи, здравствени трошоци, трошоци за преселба и други долгови.
- Подготвивме анализа за одредувањето и исплатата на издршката за деца, заснована на 31 интервју со жени што претрпеле семејно насилство, во која ја споредивме висината на издршката со реалните потреби на децата.
- Започнавме подготовка на дополнителни анализи, вклучително за користењето на бесплатната правна помош ослободувањето од судски трошоци, втор циклус на анализа на трошоците од насилството и анализа на ефективноста на граѓанско-правниот и кривично-правниот систем на заштита.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

**На жените што претрпеле семејно насилство продолживме да им обезбедуваме правна и психолошка поддршка**

- Обезбедивме правна помош за 150 жени што претрпеле семејно насилство, преку 534 индивидуални состаноци со адвокат и подготовка на 227 писмени поднесоци (тужби, жалби, барања и други), како и судско застапување за 5 жени во најнеповолна економска состојба.
- Обезбедивме психолошко советување за 47 жени што претрпеле семејно насилство.




**Зајакнавме капацитети на институциите надлежни за пристап до правда и заштита од насилство**

- Придонесовме во креирањето и спроведувањето на јавни политики преку учество во изработката на Националната стратегија 2026–2033 и реализацијата на посебна цел од Националниот акциски план 2024–2026 во рамки на Партнерството за отворена власт (ПОВ), насочени кон унапредување на механизмите за заштита и подигнување на јавната свест.
- Спроведовме практична обука за 24 полициски службеници за постапување по случаи на семејно и родово-базирано насилство (декември 2025 година).

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

**Придонесовме за економско зајакнување на жените што претрпеле семејно насилство преку социјалното претпријатие ПОГОН**

- Подготвивме и спроведовме едногодишен план за работа на ПОГОН за периодот јануари–декември 2025 година, кој опфати обуки, поддршка во производството, брендирање, промоција, менторство, координација и продажба.
- Вклучивме девет жени што претрпеле семејно насилство во обуки и активности за производство, од кои осум продолжија со структурирани активности за производство и/или микро-бизнис ангажман.
- Воведовме систем за планирање на производството и обезбедивме материјали и симболичен надомест по производ, со цел јакнење на континуитетот и признавање на трудот.
- Придонесовме за зголемување на економската независност и стабилност на жените преку ПОГОН, преку зајакнување на нивните вештини, самодоверба и можности за остварување приходи.






# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

Граѓанското учество во процесите на донесување одлуки во 2025 година и натаму се соочува со структурни предизвици, особено во областа на јавните финансии и фискалната политика. Иако во изминатиот период се забележуваат напори за отворање на податоците и подобрување на пристапот до информации, процесите на креирање и спроведување на политики сè уште во голема мера остануваат недоволно инклузивни и ограничено разбирливи за граѓаните.

Во Северна Македонија, граѓанското учество и во 2025 година во значителна мера зависи од иницијативите и капацитетите на граѓанските организации. Институциите формално ги исполнуваат обврските за транспарентност, но квалитетот, навременоста и употребливоста на објавените информации често не овозможуваат суштинско вклучување на граѓаните во процесите на планирање, следење и оценување на јавните политики, особено во делот на буџетирањето и трошењето на јавните средства.

Недостигот на јасни, разбирливи и контекстуализирани информации продолжува да претставува значајна бариера за активно граѓанско учество. Ова е особено изразено во областа на јавните финансии, каде што сложените буџетски и фискални податоци, иако формално достапни, остануваат тешко разбирливи и недоволно искористени од страна на граѓаните и пошироката јавност. Како резултат, можностите за информирано учество, надзор и барање отчетност остануваат ограничени.

И во 2025 година, капацитетите за ефективно учество се нерамномерно развиени кај сите чинители. Граѓанските организации продолжуваат да имаат клучна улога во толкувањето на податоците, следењето на институционалните практики и посредувањето помеѓу граѓаните и институциите, но се соочуваат со ограничувања во пристапот до навремени и целосни информации.



# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2025

Од друга страна, јавните институции сè уште немаат доволно развиени интерни механизми, знаења и мотивација за активно поттикнување на транспарентноста и за овозможување значајно граѓанско учество, што директно влијае врз квалитетот на јавните услуги и го зголемува ризикот од неефикасно и нетранспарентно трошење на јавните средства.

Соработката помеѓу институциите, практичарите и граѓанските организации и во 2025 година останува ограничена и фрагментирана, што ја намалува можноста за креирање на заедничка агенда за застапување и системски реформи, особено во областите кои директно ги засегаат ранливите групи. Иако дигиталните алатки и платформи сè повеќе се користат за објавување информации, тие сè уште не се доволно искористени како простор за вистински дијалог и активно вклучување на граѓаните.

Партнерството за отворена власт (ПОВ) и во 2025 година останува клучен национален механизам за унапредување на транспарентноста, отчетноста и граѓанското учество. Граѓанските организации активно учествуваат во неговото функционирање, особено преку Советот за ПОВ и мрежата на ГОи за ПОВ, придонесувајќи кон стратешкото планирање и дефинирањето на приоритетите.

Сепак, имплементацијата на преземените заложби и натаму зависи од политичката волја и институционалните капацитети, а влијанието на ПОВ-механизмите врз секојдневното работење на институциите останува ограничено.

Како и во претходните години, донаторската поддршка и активното учество на граѓанските организации продолжуваат да бидат клучни за остварување на напредок во областа на фискалната транспарентност и граѓанското учество. Најзначајните поместувања и во 2025 година се резултат на континуирани мониторинг активности, анализи и застапување спроведени од граѓанскиот сектор, додека системските институционални промени и понатаму се одвиваат со побавно темпо.



# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

Во услови на недоволно унапредување на фискалната транспарентност во пракса, ограничени капацитети кај јавните институции за редовно и квалитетно објавување информации и континуирани ризици од нетранспарентно трошење на јавните средства, ЕСЕ и во 2025 година ги насочи своите активности кон комбиниран пристап: стратешко информирање и мобилизирање на јавноста, систематски мониторинг и обезбедување докази за состојбите, како и директна поддршка на институциите преку соработка и иницирање конкретни подобрувања. Во продолжение се прикажани клучните постигнувања во овие области.

**Обезбедивме поддршка на граѓаните и јавните институции за унапредување на фискалната транспарентност и постигнување на повисоки и подолготрајни промени**

- ·Обезбедивме континуирано и стратешко информирање на јавноста преку четири дигитални канали (fiskalnatransparentnost.org.mk, esem.org.mk, copasaheurope.org и социјалните мрежи на ЕСЕ), со цел сложените фискални теми да бидат претставени на јасен и разбирлив начин.
- ·Допревме до вкупно 240.020 лица, објавените содржини беа прегледани во 476.423 наврати, и оствариме 19.671 уникатни прегледи на веб-страниците.
- Подготвивме и објавивме едукативни и информативни содржини (кратки објаснувања, инфографици, новости, итн.) поврзани со буџетирање, јавни набавки, фискални ризици и правото на пристап до информации.
- Активно управувавме со онлајн заедницата преку модерирање и одговарање на прашања од граѓаните, поттикнувајќи двонасочна комуникација и зголемена ангажираност.
- Подготвивме материјали, нацрт-агенди и студии на случај за две онлајн дискусии/вебинари за фискална транспарентност во здравството и превенцијата од семејно насилство, прилагодувајќи ја динамиката на активностите врз основа на реалните потреби на практичарите.

**Работевме на градење на доверба и одржлив развој на иницијативите за унапредување на фискалната транспарентност**

- Спроведовме целосен годишен мониторинг на проактивната транспарентност на 25 јавни институции, преку четири квартални циклуси на мониторинг, со што обезбедивме континуиран увид во нивната практика на објавување информации поврзани со буџети, трошоци, програми, извештаи, јавни набавки, отворени податоци и механизми за информирање на граѓаните, и подготвивме извештај за проактивна транспарентност врз основа на спроведениот годишен мониторинг.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ ВО 2025

- Спроведовме сеопфатен мониторинг и анализа на јавните набавки во здравствениот сектор, опфаќајќи 19.930 постапки за јавни набавки со вкупна вредност од 44,56 милијарди денари, реализирани во периодот јануари 2023 – април 2025 година, и подготвивме извештај со наоди и конкретни препораки за намалување на ризиците од корупција, ограничена конкуренција и ценовни отстапувања, како и за унапредување на транспарентноста, интегритетот и отчетноста во јавните набавки во здравството.




- Реализиравме 47 постапки за пристап до информации од јавен карактер кон релевантни институции и изготвивме извештај за реактивна транспарентност, со оцена на нивното постапување, почитување на законските рокови и квалитетот на доставените одговори.
- Активно учествувавме во Управниот комитет на мрежата на граѓански организации за Партнерство за отворена власт (ПОВ) и во Советот за ПОВ, каде што ја координиравме подготовката на Стратешкиот план и Годишната програма за работа на мрежата на ГОи за ПОВ и ги поставивме темелите за подготовка на новиот Акциски план за ПОВ 2026–2028 година, преку координација со граѓанските организации и институциите, и придонес во дефинирањето на приоритетите за транспарентност, отчетност и граѓанско учество.

- Продолживме да ја јакнеме институционална соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Агенцијата за вработување, Министерството за правда и други релевантни институции, надградувајќи ја веќе воспоставената соработка во насока на подобрување на механизмите за фискална транспарентност, пристап до информации и отчетност.

# ГОДИНАТА НИЗ БРОЈКИ

| | |
|---|---|
| **ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА** | **6** спроведени анализи и истражувања |
| | **3** истражувачки процеси со граѓани, здравствени работници и институции |
| | **2** анализи засновани на интервјуа со жени жртви на семејно насилство |
| | континуиран мониторинг на здравствени политики, буџети и услуги |
| **ПОДДРШКА ЗА ЖЕНИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО** | **150** жени добиле правна помош |
| | **47** жени добиле психолошка помош |
| | **5** жени бесплатно застапувани во судски постапки |
| | **534** индивидуални правни советувања |
| | **227** подготвени писмени поднесоци |
| **ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИ** | **9** жени вклучени во активности на социјалното претпријатие ПОГОН |
| | **8** жени активно ангажирани во производство и/или микро-бизнис активности |

# ГОДИНАТА НИЗ БРОЈКИ

| | |
|---|---|
| **ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И ОБУКА** | **24** полициски службеници обучени за постапување по случаи на семејно и родово-базирано насилство |
| | **12** претставници од **4** граѓански организации обучени за спречување и пријавување корупција во здравството |
| | **42** жени (трудници и мајки) едуцирани за здравје и мајчино ментално здравје |
| | развиени е-модули за обука со глобален потенцијален досег |
| **ПРИТИСОК ЗА ПОДОБРИ ПОЛИТИКИ И ЗАСТАПУВАЊЕ** | **1** мониторинг извештај доставен до Комитетот за човекови права на ОН (ICCPR) |
| | активно учество во национални процеси за креирање политики и стратегии |
| | организиран **1** тематски форум и **1** консултативна работилница со здравствени работници |
| **ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ЈАВНИ НАБАВКИ** | **20** јавни институции опфатени со годишен мониторинг на проактивна транспарентност |
| | **4** квартални циклуси на мониторинг |
| | **19.930** анализирани постапки за јавни набавки во здравството |
| | **47** барања за пристап до информации од јавен карактер |

# ГОДИНАТА НИЗ БРОЈКИ

| | |
|---|---|
| **ВИДЛИВОСТ И ВЛИЈАНИЕ** | Над **240.000** лица досегнати преку дигитални канали лица досегнати преку дигитални канали |
| | **476.423** прегледи на објавени содржини |
| | **19.671** уникатни прегледи на веб-страници |
| | **11** онлајн медиуми објавиле соопштение за проект |
| | **2** видеа со сведоштва со над **265.000** прегледи |
| | **1** подготвена Стратегија за видливост и комуникација |
| | **1** објавен инфографик и **1** подготвен поткаст |

# ИЗВРШЕН ОДБОР

Во **2025** година, Извршниот одбор на ЕСЕ одржа редовна електронска седница на која беа избрани Марија Тодоровска за претседавачка и Горан Мојановски за заменик-претседавач на Извршниот одбор. На седницата беа усвоени измени на интерните акти поврзани со финансиското раководење, систематизацијата на работни места и административната политика на организацијата, како и беа разгледани информации за новоодобрените проекти на ЕСЕ.

## ЧЛЕНОВИ НА ИО

**ГОРАН МОЈАНОСКИ**

**МАРИЈА ТОДОРОВСКА**

**ЦЕНА ЧАЛОВСКА**

**СЕАД ИСМАИЛ**

**М-р МИХАЈЛО КОСТОВСКИ**

# ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

Во **2025** година, ЕСЕ одржа редовно заседание на Генералното собрание на кое членовите на Собранието:

- го разгледаа и усвоија наративниот и финансискиот извештај за работењето на ЕСЕ за 2023 година;
- ја разгледаа и усвоија Програмата за работа и финансискиот план на ЕСЕ за 2025 година.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**Овој дел од извештајот ќе биде објавен по изготвувањето на годишната сметка за предметната година**

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**
ул. Максим Горки 20-1-4, Скопје
esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk

